## ЦЕЛИ НА РЕВИЗИЈАТА

Глобалната заложба за заштита на човековата околина, увозната зависност на Република Македонија од енергија, како и потребата за обезбедување на поголема разнообразност во снабдувањето со енергија неминовно наметнуваат зголемено учество на обновливите извори на енергија како и зголемување на енергетската ефикасност во финалната потрошувачка.

Во таа насока една од долгорочните цели на Владата на Република Македонија во енергетскиот сектор е зголемено искористување на обновливите енергетски извори во согласност со расположливите домашни ресурси, технолошки развој и вкупна економска политика. Република Македонија располага со значителен потенцијал на домашни ресурси на обновлива енергија што подразбира хидроенергија, соларна, биомаса, геотермална енергија и ветерна енергија.

Со користењето на водата како енергетски ресурс за добивање на електрична енергија, хидроелектричните централи спаѓаат во групата на обновливи извори на енергија. Согласно тоа преку Министерството за економија отпочината е реализација на Проект за изградба на 406 мали и мини хидроелектрични централи со цел на зголемување на производство на електрична енергија.

Во периодот 2007 - 2012 година реализирани се пет постапки за доделување на концесија за користење на вода и врз основа на тоа досега се склучени 70 договори за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектричните централи по моделот на проектирање, изградба, оперирање и пренос.

Имајќи ја во предвид актуелноста на оваа проблематика, Државниот завод за ревизија изврши ревизија на тема „***Ефикасност од доделените концесии за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија во Република Македонија”.***

Оценувањето на ефикасноста претставува формирање на мислење за степенот до кој целите се реализирани имајќи го во предвид односот помеѓу планираните/договорените и остварените/постигнатите резултати од активноста. Со прелиминарните истражувања ги дефиниравме следните цели на ревизијата:

- Дали се запазени роковите утврдени во склучените договори за концесии за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија. Односно дали изградбата на малите хидроелектрични централи се реализира според предвидената динамика, да бидат завршена најдоцна во рок од 3 години од потпишаниот договор како и динамичкиот план за изградба кој е составен дел на договорот и
- Дали Концесионерот има започнато со комерцијална работа и производство на електрична енергија во согласност со зададените технички карактеристики.

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. __________________ ______________________

2.__________________

- Ревизијата на успешност е спроведена со цел да ги идентификува клучните фактори кои влијаат на ефикасноста во вршење на работите и услугите од доделените концесии за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, анализа на истите, откривање на причините и последиците за дадената состојба и креирање на препораки за надминување на утврдените состојби.

Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.
Периодот кој го опфативме со нашата ревизија за прашања кои се однесуваа на ризичните подрачја како и други прашања поврзани со поставената цел на ревизијата на успешност е дефиниран на период од 2007 - 2012 година .
Ревизијата на успешност која ја спроведе ревизорска екипа од ДЗР, претставува дел од извршена активност, планирана и спроведена согласно Годишната програма за работа на тема „Ефикасност во вршење на работите и услугите од доделените концесии во Република Македонија„ за 2012 година.
Ревизијата на успешност е спроведена од страна на ревизорска екипа од ДЗР .

Ревизијата е извршена по следните фази и периоди:

- Прелиминарни истражувања – 28.05.2012 до 20.07.2012 година;
- Вршење на ревизијата – 20.08. 2011 до 15.09.2012 година;
- Анализа на резултати и подготовка на Нацрт извештај од спроведена ревизија – 17.09.2012 до 31.10.2012 година.

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа презентирани и дискутирани на завршниот состанок со одговорните лица на инволвираните институции на ден 30.10.2012 година. На Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор доставени се забелешки од Министерството за животна средина и просторно планирање број 22-11860 од 14.12.2012 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 18 126/20 од 18.12.2012 година. Примени се забелешки и од Министерството за економија, број 12-9746/5 од 26.12.2012 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 17 122/16 од 31.12.2012 година. Забелешките се разгледани и е оценето дека не содржат елементи за измена или дополнување на состојбите искажани во Нацрт извештајот од причина што во најголем дел претставуваат известувања за превземените мерки и активности од страна на субјектите односно дадените забелешки ревизијата ги имаше во предвид вид во текот на ревизијата. Забелешките и одговорот на забелешките на овластениот државен ревизор претставуваат интегрален дел на Конечниот извештај.